**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на научно стручна трибина по повод три деценискиот јубилеј на Армијата**

- Воената академија Генерал „Михаило Апостолски" – Скопје -

10.05.2022

Почитувани Дами и господа,

Почитувани присутни,

Во одбележувањето на различни јубилеи ја гледаме можноста да се навратиме на сите предизвици со кои одбраната и военото образование се соочуваат во изминативе децении и се разбира да се потсетиме на научените лекции кои треба да ни бидат водилка за градење на стабилна иднина.

Регионалната и меѓународна компонента на Академијата е поддржана со многу активности: бројни меѓународни конференции, курсеви, научно-истражувачки работилници, издавачка дејност, многубројни меѓународни проекти преку кои Воената академија го обединува научниот и истражувачкиот потенцијал не само на својот наставен кадар, но и на експерти од различни држави и воени академии.

Ова се разбира се потврдува со фактот што на нашата Воената академија во континуитет студираат питомци не само од нашата држава, но и питомци од Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, традиција која опстојува многу долго и која што искрено јас ќе ја поддржам да се прошири и со питомци од повеќе земји.

Со оглед на тоа што живееме во свет на постојани промени како и динамично безбедносно окружување, мора да превземеме мерки, активности, секој се разбира во својата надлежност, да направиме нашите програми за едукација и обука да бидат соодветни на потребите кои постојано се менуваат. Мора да бидеме внимателни и да обезбедиме тие да бидат кохерентни и фокусирани на барањата и потребите.

Ќе се осврнам на Програмите за едукација и обука за кои сметам дека треба да бидат прилагодени да го подготват персоналот за предизвиците со кои се соочуваме денес, ни и за оние кои ни претстојат во иднина. Институциите кои се одговорни за обука на персоналот во одбраната, кај нас тоа е Воената академија, но и Командата за обука и доктрини, мора да ги иницираат, да ги предводат и да ги спроведат промените.

Идентификувани се клучните императиви што треба да обезбедат образование и обука кои се фокусирани, ефективни и ја задржуваат соодветната насока и здруженост на заложбите:

Новите генерации во кои сите ние веруваме и вложуваме, мора да имаат поголеми познавања од раководење и командување, но и од областа на економијата, технологиите, комуникациите, лидерството и менаџментот. Ова го набројувам се со цел да можат да донесат правилни одлуки во вистинско време. Сметам дека Воената академија како придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев" треба уште повеќе да се отвори кон цивилните високо образовни институции од областа на одбраната, безбедноста и меѓународните односи, но воедно да ја согледа потребата од своето место во едукацијата на кадар за другите безбедносни институции и коморски здруженија.

Декане, напомнавте дека имате одлична соработка и тоа мене ме радува, но јас би одела и чекор понатаму таа соработка уште повеќе да се зацврсти и се разбира да се оствари.

Сега кога навршуваме три децении самостојна македонска одбрана ќе мора да си погледнеме во очи и затоа ги одбележуваме јубилеите и да ја истакнеме нужната потреба од длабока трансформација на професионалното образование и обука во одбраната.

Главната задача на нашиот професионален едукативен систем е да го подготви персоналот во одбраната успешно да се справи со широкиот спектар на предизвици во одбраната и безбедност.

Основна задача е да се подготват лидери за безбедносното опкружување во 21 век, кои ќе бидат оспособени да функционираат во услови на зголемена неизвесност, онаква каква што сме сведоци секојдневно.

Мора да се прилагодиме и кон новите услови и на нашата професионална едукација да и додадеме нови улоги, да ги ревидираме наставните планови и програми и да ги надополниме темите што се изучуваат. Мора да ги ажурираме нашите концепти, приоди и технологии. Воените игри и вежбите со симулации ќе ни помогнат во остварувањето на оваа цел.

Институциите за образование и обука – Воената академија и Командата за обука и доктрини имаат можност да навестат промени и да имаат важна улога во надминувањето на застарените сваќања и отпорите кон промените.

Промените се најтешки да се прифатат, но благодетите од нив ги чувствуваме сите.

Особено е важно Воената академија ги следи и ќе продолжи да ги следи чекорите и да се вклучи активно во едукацијата во која што се разбира ќе биде засилена, во која што ќе произлезат уште повеќе идеи, проекти, јавни политики и документи кои ќе ги даваат контурите на целосно заокружување на одбранбените способности на одбраната. Воената академија и Генералштабот соработуваат, потребно е да соработуваат уште повеќе за да на крајот добиеме производ од кој нема да има потреба од дополнителна обука и веднаш по нивното дипломирање да бидат подготвени да ги превземат нивните должности.

Учење низ кариерата е важен сегмент за што во иднина треба да посвети особено внимание Воената академија.

Нашиот систем за образование и обука се заснова на перманентна професионална едукација во текот на кариерата. Ова е патот преку кој се постигнува поголем професионализам кај нашиот воен и цивилен персонал и се овозможува подобрување на ефикасноста и ефективноста на нашиот одбранбен сектор.

Ќе ја потенцирам важноста на Обука за лидерство и менаџмент кој е сегмент на кој треба исто така да се посвети особено внимание со цел добиеме офицери кои ќе бидат веднаш подготвени да одговарат на потребите на Армијата

Никаде праксата на лидерство не е толку важна како што е важна во сектор на одбраната. Добрите лидери не се раѓаат, тие се развиваат, заради што мораме да обезбедиме и фокусирано и кохерентно лидерство и менаџмент обука. Мора да се сфати дека лидерските и менаџерските способностите можат да имаат различно значење на различни нивоа, што во нашите програми ќе се земе предвид.

Она што ќе напоменам е дека постојано оценување е алатка за континуирана проверка на постигнувањата, но воедно тоа е и поттик за уште поголеми успеси и развој на секој од нас но особено на Воената академија.

Многу пати досега и во мои обраќања и во различни дискусии и тоа е нешто што искрено го чувствувам, овдека на Воената академија ќе го потенцирам дека сите лица кои носат униформа независно од позиции и должностите кои ги обавуваат, а особено оние, особено вие што сте тука присутни и едуцирате нови кадри треба да бидат далеку од политичките партии. Носењето на униформа и дневната политика не одат заедно. ова го кажувам како министерка за одбрана , политички именувана, но подготвена во таа ваша заложба да ви бидам сојузник. Сметам дека школувањето на секој еден иден офицер треба да се заснова на главното правилно на департизација и деполитизација. Повторно ќе напоменам дека не е чудно што го кажувам јас, го кажувам одговорно пред вас затоа што сакам да ви бидам сојузник.

Почитувани Дами и Господа,

Постојаното оценување на ефикасноста и ефективноста на едукативните содржини и на нивниот квалитет е потребено за да се осигура дека нашата инвестиција во програмите за образование и обука го даваат посакуваниот резултат.

Во периодот, ќе најавам она што се активности на Министерство за одбрана, ќе претстои ревидирање на многу клучни стратешки документи кои се веќе донесени, но некои од нив се застарени со оглед на околностите кои што се случуваат. Сите вие припадниците на Воената академија, професорите, научниот кадар, сте добредојдени да учествувате во нивната ревизија. Затоа што било каков процес во министерството водиме да речам изолирано или водиме сами или водам јас за своја лична промоција, тие однапред ќе бидат осудени на немилост. Тоа не е мојата заложба, мојата заложба е покрај ова обраќање пред вас да имаме работни состаноци, на кои што ќе ги чуеме вашите забелешки, коментари и секако критики, секогаш добредојдени за тоа каде и како треба да се развива нашата одбрана.

Ви благодарам.